# Надзорот на граѓанското општество врз безбедносниот сектор и родот

СОДРЖИНА

Зошто родот е важен за надзорот на граѓанското општество?

Како може родот да се вклучи во надзорот на граѓанското општество?

Постконфликтни предизвици и можности

Прашања што треба да ги постават ОГО

Повеќе информации

Овој документ беше првично објавен во 2008 година како "Toolkit on Gender and Security Sector Reform" од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Центарот за демократска контрола врз вооружените сили од Женева (DCAF) и Меѓународниот институт за истражување и обука за унапредување на жените на Обединетите нации (УН-ИНСТРАВ).

Постои висока свест дека реформата на безбедносниот сектор (РБС) треба да одговори на различните безбедносни потреби на мажите, жените, момчињата и девојчињата. Вклучувањето на родовите прашања исто така е клучно за ефикасноста и одговорноста на безбедносниот сектор и за домашната сопственост врз реформите и легитимноста на процесите на РБС.

Оваа практична белешка дава кус вовед во придобивките од вклучувањето на родовите прашања во надзорот на граѓанското општество над безбедносниот сектор, како и практични информации како да се стори тоа.

Оваа практична белешка е заснована на подолга Алатка, и обете се дел од **Збирката алатки за родот и РБС.** Осмислена со цел да пружи вовед во родовите прашања за практичарите и креаторите на политики во РБС, Збирката опфаќа 12 Алатки со соодветни Практични белешки – види во Повеќе информации.

## Зошто родот е важен за надзорот од граѓанското општество?

**Надзорот на граѓанското општество врз безбедносниот сектор**, вклучувајќи надзор врз РБС, опфаќа активно учество на организациите на граѓанското општество (ОГО) во дефинирањето на безбедносните политики и во надзирањето на структурите и практиките на актерите во безбедносниот сектор[1]. Целта е да се обезбеди вклучување на интересите и перспективите на локално ниво и на заедниците, во пружањето внатрешна и надворешна безбедност, и да се поддржи домашната сопственост и одржливост. ОГО учествуваат во надзорот врз безбедносниот сектор на многу различни начини, вклучувајќи советување за политиката и техничка експертиза, набљудување, подигање на свеста, и истражување и анализа.

**Родот** се однесува на улогите и односите, личните карактеристики, ставови, однесувања и вредности кои општеството им ги припишува на мажите и на жените. Оттаму поимот „род" се однесува на научените разлики меѓу мажите и жените, додека поимот „пол" се однесува на биолошките разлики меѓу мажите и жените. Родовите улоги во и меѓу културите се многу различни и можат да се сменат со текот на времето. Зборот род не се однесува само на жените или мажите туку и на односот меѓу нив.

### Јакнење на домашната сопственост

- Вклучувањето на родовите прашања и на организациите на жените може да генерира домашна сопственост врз процесите на РБС така што ќе осигура дека и мажите и жените се ангажирани и имаат можност да ги изразат своите посебни потреби, ставови и приоритети. Ова ги прави безбедносните институции порепрезентативни, поодговорни и полегитимни во очите на населението.

### Сеопфатен надзор преку вклучување на родовите прашања

- Надзор врз безбедносниот сектор кој набљудува како безбедносните и правосудните политики и институции се справуваат со родовото насилство (РН) *може да го зајакне пружањето безбедност и правда*.
- Надзор врз безбедносниот сектор кој ги прави институциите на безбедносниот сектор одговорни за тоа да имаат недискриминаторска работна средина и да ги спречуваат сексуалното вознемирување и другите форми на РН *може да ја зголеми продуктивноста и оперативната ефикасност*.
- Надзор врз безбедносниот сектор кој ги прави институциите на безбедносниот сектор одговорни за зголемување на регрутирањето, задржувањето и напредувањето на жените и на другите премалку застапени групи *може да ја зајакне довербата од населението и ефикасноста*.

| Пример 1 | Набљудување на спроведувањето на легислативата[2] |
|---|---|

Во **Малезија**, ОГО, како Организацијата за женска помош, ја набљудуваа ефикасноста на спроведувањето на малезискиот Акт за домашното насилство, како и пружањето на неговите услуги на жртвите. Наодите беа употребени за застапување со цел да се подобри неговата содржина и во спроведувањето на легислативата.

Во **Камбоџа**, организациите на жените и групите за човекови права, каква што е ЛИЦАДХО, соработуваат со владините агенции за надзор за да ги истражат тврдењата за злоупотреба и за да го набљудуваат придржувањето кон неодамна усвоениот камбоџански Закон за превенција на домашното насилство и за заштита на жртвите. Овој закон и дава на полицијата поголеми овластувања да интервенира во случаи на домашно насилство и ги зајанува локалните ресурси достапни за жртвите. Како дополнение на набљудувањето, ОГО обезбедуваат правна помош и безбедни куќи за жртвите.

### Ефикасен надзор преку вклучување на организациите на жените

- Организациите на жените се честопати неискористен извор за надзор врз безбедносниот сектор. Тие можат да го зајакнат надзорот преку:
  - Обезбедување совети за политиката за тоа како да се подобрат транспарентноста, одговорноста и чувствителноста.
  - Набљудување на примената на меѓународните и регионалните договори, како и на националните и на институционалните политики.
  - Обезбедување изградба на капацитетот за надзорните тела за родовите прашања.
  - Идентификување на безбедносните закани и прашања со кои се соочуваат личностите и заедниците
  - Олеснување на дијалогот меѓу локалните заедници и телата за надзор врз безбедносниот сектор.
  - Подигање на свеста за тоа како институциите на безбедносниот сектор да бидат одговорни.

**Почитување на обврските од меѓународните закони и инструменти**

Преземањето иницијатива за вклучување на родовите прашања во надзорот на граѓанското општество не е само прашање на оперативна ефикасност; тоа е исто така неопходно заради почитување на меѓународните и регионалните закони, инструменти и норми во врска со безбедноста и родот. Меѓу клучните инструменти спаѓаат:

- *Пекиншката Декларација и Платформа за акција (1995)*
- *Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите нации за жените, мирот и безбедноста (2000)*

За повеќе информации, ве молиме погледнете го Прилогот за меѓународните и регионалните закони и инструменти во Збирката алатки.

## Како може родот да се вклучи во надзорот на граѓанското општество?

### Тела за надзор врз безбедносниот сектор

- Зајакнете го учеството на организациите на жените во формалните тела за надзор врз безбедносниот сектор, како граѓанските одбори за ревизија, комисиите за поплаки од јавноста, експертски технички тимови и независни групи за набљудување (види Пример 1).
- Ставете родови прашања, како штое се спречувањето на РН или зголеменото регрутирање жени, на агендата на телата за набљудување на безбедносниот сектор.

### Истражување и собирање податоци

- Осигурете се дека родовите прашања се вклучени во внатрешните и надворешните проценки и прегледи на институциите и политиките на безбедносниот сектор.
- Осигурете се дека податоците се распределени според пол. Полово-распределените податоци ги потенцираат различните околности на мажите и на жените и се неопходна основа за правични безбедносни услуги.
- Спроведете родова ревизија на некоја институција или политика од безбедносниот сектор.
- Спроведете родова анализа на процесот на РБС и пренесете ги наодите и препораките преку медиумите и до официјалните претставници на властите и донаторите.
- Извршете родова анализа на буџетот за трошоците на владата за безбедност и одбрана или на буџетите на одделните институции на безбедносниот сектор за подобро да го разберете различното влијание на алокациите во буџетот врз мажите и жените. Искоритете ги овие наоди како алатка за застапување.
- Обезбедете дека жените и организациите на жените се вклучени во сите процеси за ревизија, проценка, планирање, спроведување, набљудување и оценка преземени од ОГО.

### Застапување и подигање на свеста

Користете ги родово чувствителното истражување и резултатите од процесите за проценка и за собирање податоци да разработите кампањи за информирање на јавноста и за застапување за безбедносни прашања поврзани со родот – како на пример подигање на свеста за тоа како да се пријави РН во полицијата или лобирање за финансии од власта за програма за спречување на оруженото насилство.

- Идентификувајте ги начините преку кои ќе им ја пренесете пораката на маргинализираните популации (како руралното население, неписмените жени или етничките заедници) кои можеби не го зборуваат доминантниот јазик.
- Поставете ја целта на застапувањето на различни нивоа – локално, провинциско и национално – достигнувајќи до креаторите на политики кои можат да влијаат врз програмите на безбедносниот сектор.
- Ангажирајте ги локалните медиуми така што ќе ги пренесувате информациите преку мали весници, радија на заедницата и локални телевизиски станици, како и преку медиумските изданија управувани од државата.
- Работете со медиумите за да ги сензитивизирате новинарите и другите за родовата димензија на безбедносните и правосудните прашања.
- Вклучете мажи во кампањите за застапување, особено оние кои работат на справување со насилството врз жените (види Пример 2).

### Родова обука

Организациите на жените и ОГО со експертиза за родови прашања можат да го поддржат развојот и реализирањето родова обука за кадарот во безбедносниот сектор (види Пример 3), меѓу другото и преку:

- Спроведување проценка на потребите за обука.
- Развивање материјали за родова обука и

реализирање на обуката.
- Разработка на стандардизирани наставни програми за родова обука кои можат да се прилагодат и употребат од обучувачите.
- Лобирање за политики кои пропишуваат задолжителна сеопфатна родова обука.
- Креирајте листа на квалификувани родови обучувачи од граѓанското општество.

### Партиципативни и ефикасни ОГО

ОГО кои се вклучени во надзорот врз безбедносниот сектор, исто така имаат обврска да ги ревидираат внатрешните политики и практики за да го одразуваат идеалот за родова еднаквост. Ова е неопходно за да се обезбеди дека тие се целосно репрезентативни и партиципативни, како и за да придонесе за вкупната ефикасност на ОГО.

- Разработете политики и процедури за родот и еднаквата застапеност кои се однесуваат на кадровските прашања, практиките за регрутирање, барањата за достигнувања на работното место и сексуалното вознемирување и дискриминацијата.
- Обезбедете родова обука за сиот персонал – вклучувајќи и обука за родово чувствително собирање податоци и истражувачки методологии.
- Внесете ги родовите прашања во надзорот врз безбедносниот сектор.
- Спроведете внатрешна родова ревизија за да го процените организацискиот капацитет.

**Исто така достапно во Алатка 9...**
- Фази за родова ревизија на РБС
- Прашања што треба да се постават кога се планира кампања за застапување
- Совети за работа со медиумите
- Теми за обука за изградба на надзорниот капацитет на женските НВО
- Како да се зајакне легитимитетот на мрежите на граѓанското општество
- Примери од Источна Европа, Фиџи, Ирак, Русија, Јужна Африка, Обединетото Кралство и Западна Африка

## Постконфликтни предизвици и можности

ОГО можеби се фрагментирале или ослабнале за време на конфликтот и, како резултат на тоа, го немаат досегот, легитимитетот или капацитетот ефикасно да ги спроведат своите надзорни должности. Во други случаи, соработката меѓу ОГО може да се зголеми во постконфликтниот период бидејќи реформата на армијата и на војската, како и постојаната несигурност, се клучни грижи на многу организации, давајќи им можност да работат заедно.

| Пример 2 | Вклучување на мажите во борбата против насилството врз жените |
| --- | --- |

Кампањата бела панделка (КБП) започа во Канада во 1991 година од група мажи кои се застапуваа за ставање крај на насилството врз жените и настојуваа да ги едуцираат другите мажи во врска со прашањето. Преку кампањи за подигање на свеста, соопштенија за јавноста, и нивната растечка мрежа, членовите на КБП даваат алтернативна визија за ненасилна машкост и нудат позитивни модели на однесување за мажите и момчињата во заедниците во светот[3].

### Предизвици за вклучувањето на родовите прашања

- Капацитетот на државните институции е често толку слаб што дури и ако постои политичка волја, средствата да се пружат безбедносни и правосудни услуги не се достапни ниту технички, ниту финансиски, ниту кадровски.
- Законите, структурите и механизмите за заштита и одговор на РН ретко се во сила или не функционираат соодветно.
- Персоналот во безбедносниот сектор можеби ги кршел човековите права и можеби продолжува со злоупотребите и за време на мир.

### Можности за вклучување на родовите прашања

- Процесите на РБС можат да отворат политички простор за придонес на ОГО кон одлучувањето за безбедноста и правосудството, што е можност да се покренат родовите прашања.
- Доказите покажуваат дека родовите улоги и односи често се поместуваат за време и по конфликтот, што може да отвори важен простор за преговори за вклучување на родовите прашања и зголемено регрутирање жени.
- Донаторите може да бидат расположени да обезбедат поддршка за ОГО со цел да го изградат нивниот капацитет за родово одговорен надзор.

| Пример 3 | Едукација за сексуално здравје за оружените сили на Монголија[4] |
| --- | --- |

НВО Монголска визија работи на прашања за репродуктивното здравје со офицерите и војниците во оружените сили на Монголија.

**Прашање**: Новите регрути во монголските Оружени сили, особено оние од селата, имаат мало или никакво знаење за ХИВ/СИДА и за СПБ. Следствено, стапката на СПБ е релативно висока меѓу офицерите и војниците.

**Цел**: Да се добие поддршка од Министерството за одбрана и од монголските Оружени сили за подигање на свеста кај офицерите и војниците за ХИВ/СИДА, СПБ и за репродуктивното здравје.

**Клучни чинители**: Министерството за одбрана и Генералштабот на монголските Оружени сили.

**Примарни чинители**: Војниците/офицерите и нивните интимни партнери.

**Пристапи и комуникација**: До Министерството за одбрана и до Генералштабот на оружените сили беа испратени писма; беа одржани официјални и неофицијални средби со високи официјални претставници; беше развиен проект во соработка со високи официјални претставници; работилница беше одржана со високи официјални претставници; командантите и воените доктори презентираа извештај за актуелната состојба со СПБ меѓу кадарот во војската.

**Индикатори за успех и одржливост**: Сексуалното здравје беше вклучено во официјалната образовна програма за воениот персонал; зголемено ниво на свеста кај офицерите со повисок чин; и зголемена поддршка од Министерството за одбрана.

| Пример 4 | Примерок на родова листа со прашања за телата за надзор врз безбедносниот сектор во постконфликтни контексти |
|---|---|

- ✓ Како граѓанското општество, опфаќајќи ги и жените, е вклучено во надзорните процеси?
- ✓ Како се идентификуваат и задоволуваат посебните безбедносни потреби на мажите и на жените?
- ✓ Колку мажи и жените работат во војската, полицијата, во службите за разузнавање, граничната полиција, царината, службата за имиграција и другите служби за спроведување на законот и во какво својство (процент на мажи/жени, по ниво и категорија)?
- ✓ Дали се во сила мерки да обезбедат дека жените имаат еднакви можности да бидат дел од која било безбедносна институција?
- ✓ Дали родова обука е обезбедена за полицијата, за војската и за другите безбедносни служби?
- ✓ Какви мерки се во сила за да се спречи, истражи и казни РН од персоналот во безбедносниот сектор?
- ✓ Дали има соодветно финансирање за програмите порвзани со родот?

## Прашања што треба да ги поставаат ОГО

Еден од најдобрите начини да се идентификуваат влезните точки за вклучување на родовите прашања во процесите на РБС е организациите на граѓанското општество да извршат проценка. Подолу е даден примерок со прашања за родот што ОГО можат да ги вклучат во проценка, набљудување и оценка на РБС.

- Кои се посебните безбедносни и правосудни потреби, перцепции и проритети на мажите, жените, девојчињата и момчињата?
- Дали персоналот на безбедносниот сектор има капацитет да одговори на овие потреби? Доколку не, зошто не?
- Дали жените, мажите, момчињата и девојчињата се еднакво во можност да пристапат до безбедносните и правосудните услуги?
- Дали безбедносната легислатива, политики и протоколи се родово одговорни? Има ли соодветна легислатива против РН?
- Дали жените имаат целосен и еднаков пристап за вработување во институциите на безбедносниот сектор?
- Каква е работната средина во институциите на безбедносниот сектор? Има ли проблем со сексуално вознемирување и со други препреки за напредување на жените?
- Дали телата за надзор врз безбедносниот сектор вклучуваат жени и се консултираат со женските организации?
- Дали телата за надзор врз безбедносниот сектор ги набљудуваат прашањата поврзани со РН и со еднаквите можности за мажите и за жените?

## Повеќе информации

**Извори**

Amnesty International – ***Monitoring and Reporting Human Rights Abuses in Africa: A Handbook for Community Activists***, 2002.

Amnesty International – ***Understanding Policing: A Resource for Human Rights Activists***, 2006.

DCAF – ***Public Oversight of the Security Sector: A Handbook for CSOs on Democratic Security Governance***, forthcoming 2008.

Family Violence Prevention Fund – ***Toolkit for Working with Men and Boys to Prevent Gender-Based Violence***, 2003.

International Alert and Women Waging Peace – ***Inclusive Security, Sustainable Peace: A Toolkit for Advocacy and Action***, 2004.

OECD DAC – ***OECD DAC Handbook on Security System Reform: Supporting Security and Justice***, 2007.

**Организации**

DCAF – www.dcaf.ch

International Alert – www.international-alert.org

UNIFEM Portal on Women, Peace and Security – www.womenwarpeace.org

UN-INSTRAW – www.un-instraw.org

WILPF Peacewomen – www.peacewomen.org

**Збирка алатки за родот и РБС**

1. Реформа на безбедносниот сектор и родот
2. Реформа на полицијата и родот
3. Реформа на одбраната и родот
4. Реформа на правосудниот систем и родот
5. Реформа на казнениот систем и родот
6. Гранично управување и родот
7. Парламентарен надзор врз безбедносниот сектор и родот
8. Креирање на политиката за национална безбедност и родот
9. Надзорот на граѓанското општество врз безбедносниот сектор и родот
10. Приватни воени и безбедносни компании и родот
11. Проценка, набљудување и оценка на РБС и родот
12. Родова обука за кадарот во безбедносниот сектор

Прилог за меѓународните и регионалните закони и инструменти

Секоја од овие алатки и практични белешки е достапна преку: www.dcaf.ch, www.un-instraw.org and www.osce.org/odihr.

**Оваа Практична белешка беше подготвена од Рахим Канани од UN - INSTRAW, врз основа на Алатка 9 чии автори се Карен Барнс и Питер Албрехт од International alert.**

[1]Caparini, Cole and, Kinzelbach, Public Oversight of the Security Sector: A Handbook for CSOs on Democratic Security Governance (Renesans: Bratislava), да се објави во јули 2008.

[2]Прилагодено од: OECD DAC. OECD DAC Handbook on Security System
Reform: Supporting Security and Justice (OECD DAC: Paris), 2007, p. 117.

[3]Прилагодено од: ‘The White Ribbon Campaign’. http://www.whiteribbon.ca/about_us/

[4]Цитирано од: Albrecht, P., ‘Advocacy’, Public Oversight of the Security Sector:
A Handbook for CSOs on Democratic Security Governance, eds. Caparini,Cole and Kinzelbach (Renesans: Bratislava), да се објави во јули 2008.